NATIONAL BOWELCANCER SCREENING PROGRAM

Australian Government

ID number <Consumer ID>

<Participant Given Name> < Participant Family Name >
<Preferred Mailing Address>
<Preferred Mailing Address >
<Locality> <State> <Postcode>

Почитуван/а <Participant Given Name> < Participant Family Name >

# Вашата бесплатна проверка

## Околу 80 Австралијци секоја недела умираат од рак на дебелото црево.

| | |
|---|---|
| **Што е ова?** | Ова е вашата бесплатна проверка за рак на дебелото црево. Важно е да ја направите оваа проверка дури и ако немате никакви знаци. Ракот на дебелото црево може да се развие без да предизвика некакви знаци, а со оваа проверка може да се најдат рани знаци за предупредување дури уште и пред да настане рак на дебелото црево. Ако се открие навреме, ракот на дебелото црево може успешно да биде излекуван во 90% од случаите. |
| **Што треба да направам?** | Заедно со ова писмо ги добивте вашиот комплет за проверка и информативната книшка. Проверката можете да ја направите брзо и лесно кај вас дома. Ве молиме внимателно следете ги упатствата или јавете се на телефонската линија за помош на Програмата на 1800 930 998 за да побарате помош.<br><br>Ако имате било кој од знаците опишани во информативната книшка, или ако имате семејна историја на заболување од рак на дебелото црево, поразговарајте со вашиот лекар пред да ја направите оваа проверка. |
| **Што следува потоа?** | Вашите резултати ќе ги добиете во рок од три недели. Може ќе ви препорачаат да се јавите кај лекар во врска со вашите резултати. **Позитивниот резултат не потврдува дека имате рак на дебелото црево,** ама може да биде ран знак за предупредување. Пристап до вашите резултати ќе имате само вие, Програмата и вашиот лекар.<br><br>Бидејќи оваа бесплатна проверка им се нуди на Австралијците на возраст од 50 до 74 години, во иднина веќе нема да добивате покана за учество во Програмата. Ве молиме поразговарајте со вашиот лекар за вашата потреба од проверки во иднина. |
| **Имате ли некакви прашања?** | Зборувајте со вашиот лекар, јавете се на Информативната телефонска линија на Програмата на 1800 118 868 или посетете го нашето место на интернет www.cancerscreening.gov.au.<br><br>Ако не сакате да ја направите проверката, пополнете го образецот на задната страна на информативната книшка и фрлете го вашиот неупотребен комплет за проверка во ѓубрето. Не го давајте вашиот комплет за проверка на друго лице. |

**Ако ја направите оваа проверка, тоа може да ви го спаси животот.**

**ПОКАНА ЗА ЛИЦА НА ВОЗРАСТ ОД 74 ГОДИНИ**

Професор Brendan Murphy
Началник за здравство
<DATE> NBCSR XXXX